# ЕКО

# ЕКОПРЕС

РЕВИЈА ЗА ЕКОНОМИЈА, МАРКЕТИНГ И МЕНАЏМЕНТ


Hertz
MACEDONIA

ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ
МАКЕДОНИЈА
А.Д. ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
И РЕОСИГУРУВАЊЕ
"МАКЕДОНИЈА"





КАДРИФАКО
тел. (092) 37
ВО СКОПЈЕ
118-438, фак

СЛОГА
КАДРИФАКОВО

30

Coopers
& Lybrand

Skopje
tel: 11 66 38; 11 65 25

ЛОТАРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА

# NON-SENSUS БАРИЕРИ

**Довербата во ГАТТ е разнишана со дополнителните форми на нецаринските механизми на одделни земји**

По Втората светска војна во меѓународните економски односи почна процес на институционализација и либерализација на мултилатералната трговска размена. Тој настана како резултат на желбата да се воспостави мултилатерална трговска врска, што е еден од двигателите на развојот. Во таа насока се движат и настојувањата за намалување на царинските бариери, заради поголема меѓународна трговска размена. За редуцирање на царините направени се бројни мултилатерални преговори (осум), и тие значително се намалени. Голем е нивниот придонес во унапредувањето на меѓународната размена, која сè до 70-те години резултираше со еден континуиран, висок растеж. Што се случи потоа?

## НОВ ФЕНОМЕН

Забавувањето, па дури и стагнирањето на меѓународната економија, како резултат на структурните нерамнотежи, растот на инфлацијата и на невработеноста, енергетската и суровинската криза, исфрлија на површина еден сосема нов феномен во меѓународната трговија - примена на нецарински заштитен механизам. Неговата примена особено е изразена во настојувањата на развиените земји да го ограничат увозот од други земји и региони, што произлегува од нивната развојна стратегија. Иако ГАТТ ја исклучуваше можноста членките да ги прекршат прифатените начела, одделни земји прибегнуваа кон други форми на нецарински механизми. Неконтролираниот пораст на овие форми за ограничување на меѓународната трговија, во голема мерка ја разнишаа довербата во ГАТТ. Во текот на процесот на „глобализација" на светското стопанство, овозможен од брзиот напредок на автоматиката, информатиката и телекомуникацијата и со паралелно одвивање на регионалните интеграции, што ги надминуваат почетните рамки на царинските унии, или зони на слободна трговија, ГАТТ во постоечкиот облик и со својот инструментариум за реализирање на функциите и целите, станува немоќен регулатор на новонастанатите феномени.

Нецаринските бариери се донесуваат во форма на стандарди, што увозните производи мораат да ги почитуваат. Во САД ги има околу 20.000, во Германија преку 15.000, во Франција околу 10.000, во Велика Британија преку 8.000 и така натаму. Пропишувањето на: увозни квоти, ценовни контролни мерки при увоз, антидампинг акции, увозни давачки и оптоварувања, автоматски дозволи и слично, е мотивирано од желбата да се ограничи увозот од неразвиените во развиените земји. Повеќе од 30 отсто од увозот на неразвиените земји во развиените е соочен со разни нецарински облици на ограничувања, за разлика од меѓусебната трговска размена меѓу развиените земји каде примената на овие ограничувања се сведува на ниво од 18 отсто. Звучи парадоксално, но колку повеќе јакне процесот на меѓузависноста на националните економии, толку повеќе меѓународната трговија се оддалечува од либералистичките правила и принципи.

Генералниот директор на ГАТТ, Питер Сатерленд, забележува дека системот на ГАТТ е во колапс. Меѓународната трговска политика сè повеќе се оддалечува од правилата на ГАТТ. Тој се покажа како недоволно комплексен и еластичен, особено во делот на нецаринските бариери. Нивната сè понагласена примена во меѓународната трговска практика доведува до намалување на резултатите во меѓународниот трговски систем. За разлика од класичните основи за воведување протекционистички мерки, со цел во современи услови, да се заштити младата индустрија, со протекционизмот се заштитува онаа индустрија што ја загубила својата доминантна позиција на светскиот пазар и не може да ја издржи конкуренцијата од другите индустриски центри. Со неопротекционистичките мерки речиси редовно се заштитува „застарената индустрија", односно она производство, или производи, што заостанале во развојот. Таквите производи имаат повисоки цени од светските прифатени пазарни цени. Така, на пример, земјоделските производи на земјите - членки на ЕУ со своите цени ги надминуваат светските. Според пишувањето на „Лондонски економист", цената на млекото во прав е повисока за 266 отсто во однос на светската пазарна цена, на топените сирења за 320, на маслиновото масло 207, на говедското и пилешкото месо за 158, на пченката за 128 и на пченицата за 124 отсто.

## КОЈ Е НАЈПОГОДЕН

Протекционизмот е сериозно ограничувачки фактор за остварување на процесот на пожелните, нормални структурни приспособувања кон светското стопанство. Од но-

виот протекционизам најпогодени се економски недоволно развиените земји. Овој феномен во меѓународната размена не само што влијае врз смалувањето на остварените девизни приходи, туку директно го спречува, или отежнува процесот на индустријализацијата. Затворањето на пазарите на развиените земји за извоз од земјите во развој, особено неповолно се одразува врз редовното сервисирање на нивниот долг. Во меѓународните трговски комуникации неопротекционистичката практика на развиените земји негативно се одразува врз националните економии на економски недоволно развиените земји. Тие врз база на шемите на преференцијали вложуваат значителни средства за проширување на капацитетите, го организираат производството, и постигнуваат почетни успеси во извозот. Затоа, наметнати се сериозни импликации, во смисла на заострување на платнобилансните дефицити, пресушување на изворите на капитал, намалување на можностите за инвестирање и намален обем на репродукција.

Експертите проценуваат дека намалувањето на трговските бариери ќе предизвика просперитет кај сите учесници во меѓународната размена, до 2002 година годишен пораст на светскиот доход за повеќе од 230 милијарди долари. Постои согласност во оценката дека тоа ќе значи и пониски цени за секој потрошувач. На пример, јапонските домаќинки при купување домашен ориз плаќаат пет пати повеќе, отколку кога би можеле да купуваат увозен ориз. Или, едно американско семејство годишно плаќа 420 долари повеќе за облека, само поради високите увозно-царински бариери на САД за текстилни производи.

## НЕРЕАЛНИ ТВРДЕЊА

Често примената на неопротекционистичките бариери, од страна на развиените земји, се оправдува со тврдењето дека со тоа се решаваат одредени проблеми, како што се невработеноста, нерамнотежата во платните биланси и слично. Ова се базира врз нереална основа, бидејќи се заборава дека со протекционистички мерки не може да се решаваат проблемите на структурните диспропорции во стопанствата на земјите, ниту пак тие можат да бидат алтернатива во процесот на врамнотежување на билансите на плаќање. Напротив, либерализацијата на меѓународните трговски текови го обезбедува решавањето на наведените проблеми. Тоа го потврдуваат и најновите проекции на ГАТТ, според кои, секоја екстра милијарда американски долари остварена од извоз, за водечките индустриски земји значи отворање на 19.000 нови работни места. На пример, со либерализирањето на меѓународната размена на САД, на пример, се проценува дека во идните 10 години ќе се отворат 1,4 милиони нови работни места и 400.000 нови работни места во Велика Британија.

Исто така, економски неразвиените земји, би имале корист од либерализацијата на меѓународната трговија, особено ако се знае дека поради подредената положба и ограничениот пристап на пазарите во развиените земји, во 1990 година тие изгубиле околу 500 милијарди американски долари. Тоа претставува една петтина од нивниот БНП, или десет пати повеќе од вредноста на официјалната помош што им е доделена во таа година.

Но, и покрај сѐ меѓународната трговија сѐ повеќе ја заплискува бранот на неопротекционизмот, манифестиран преку широка лепеза на безцарински мерки на ограничување. Меѓу другото, ширењето на неопротекционистичката практика, коинцидира и со процесот на фрегментацијата на економијата во светот, која несопирливо се одвива во форма на интерконтинентална дезинтеграција. Континенталната интеграција ги поттикнува ограничувањата, во форма на разни царински, особено нецарински бариери за увозот од другите региони. Во светската размена легализацијата на неопротекционизмот се јавува како ограничување во мултилатералното решавање на проблемите на задолженоста на земјите во развој, невработеноста, варирањето на валутните курсеви, зголемувањето на трговските и платните дефицити, и слично.




Денес, светската размена, соочена со наметнатата неопротекционистичка практика, повеќе личи на трговија во организирана слобода, отколку на прокламираните принципи на ГАТТ за слободна трговија. Очигледно, реалноста ги надмина начелата на ГАТТ. Поради тоа земјите, учеснички во меѓународната размена се упатени на билатерални преговори во остварување, или барем редуцирање на нецаринските бариери.

> *Колку повеќе јакне меѓузависноста на националните економии, толку меѓународната трговија се оддалечува од либералистичките принципи*

**Д-р Ристо Фотов**